СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-302/14**
Скопје, 07.09.2022 година

**З А П И С Н И К**
**од 12-тата седница на Собранието на СКМ,**
**одржана на ден 25.03.2022 година и онлајн седница за усвојување измени и дополнувања на Деловникот за работа на Судот на честа***

Седницата започна во 13 часот и се одржува во просториите на х.Континентал, Скопје, почитувајќи го Протоколот на Владата на РСМ за одржување на седници на органи на управување (*Сл.весник на РСМ бр. 263/2020*) и препораките на Комисијата за заразни болести.

Пред почетокот на 12-тата седница, Претседателот на Собранието, д-р Манасиев согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието, јавно го соопшти бројот на присутните делегати, а ги соопшти и имињата на делегатите кои го најавиле и оправдале своето отсуство.

На седницата, на покана на Претседателот на Собранието, присуствува: претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

На седницата на Собранието на СКМ присуствуваа вкупно **39 делегати** со право на глас и тоа:

1) ОЛИВЕР МАНАСИЕВ – Претседател
2) КЕНАН ФЕРАТИ
3) АНА СОТИРОВСКА
4) ЃОРЃИ НИКОВ
5) БОРИС СТОЈАНОВ
6) ДИМИТАР МАЛЕШЕВСКИ
7) АЛЕКСАНДРА ТАБАКОВСКА
8) ЗОРАН ШУШАК
9) СПАСЕНИЈА ЃОРЃИЕВСКА
10) ТРАЈАН НИКОЛОВ
11) КОНСТАНТИН ГЕТОВ
12) НАЗМИ ФЕРАТИ
13) ИМРАН ЖУПАНИ
14) АГРОН ПАШОЛИ
15) ВЕСНА ЧЕМЕРСКА ПОПОВА
16) МИЛАН ЛАМЕСКИ
17) НАТАША ПЕТРЕСКА
18) СНЕЖАНА СТОЈМАНОВСКА
19) ГОРАНЧО КОЛЕВСКИ
20) МИРЈАНА АНГЕЛОСКА
21) КРУМЕ ЧЕСНОСКИ
22) ЈОВАН ГАГАЛЕСКИ
23) ЗОРАН НУНЕВ
24) КАТЕРИНА СТАМЕНКОВСКА
25) ЦВЕТАНКА МИШЕВСКА
26) АРБЕН ЕМИНИ
27) ДРАГАН КИТАНОВСКИ
28) АНА ГЕНЧОВСКА ДОЛЕНЦ
29) ЈОРДАН СТОЈАНОСКИ
30) ЕМИЛИЈА СТЕФАНОВСКА
31) ФИСНИК КАСАПИ
32) МАЈА НЕДЕВА ШИКОВА
33) МАРИНА ПРЕНТОВСКА
34) ДРАГИ РИСТОВ
35) МАРЈАНА ОЏАКОВА ТИЛЕВА
36) ДИЈАНА ЈАНКУЛОВСКА
37) ЏЕЉАЉ ИБРАИМИ
38) АНДРЕА АНДРЕЕВСКИ
39) ДЕЈАН РИСТЕВСКИ.

Делегатот **д-р Дафина Богеска** ја напушти седницата пред почетокот и неоправдано отсуствуваше од истата, за што е составена и *Сл.белешка.*

На седницата **оправдано НЕ ПРИСУСТВУВАА 9 делегати** и тоа:

1) д-р Вјоса Положани,
2) д-р Хајрадин Сулејмани,
3) д-р Арбен Асани,
4) д-р Грација Бакраческа,
5) д-р Марија Пеева Петреска,
6) д-р Горан Мишевски,
7) д-р Атанас Павлески,
8) д-р Линдихана Емини и
9) д-р Амет Демири.

Седницата ја отвори Претседателот на Собранието со читање на точките од предлог-дневниот ред, за што даде и кратко образложение. Дневниот ред беше ставен на гласање, при што истиот беше усвоен со 38 гласа ЗА (31 гласа од присутните делегати и 7 гласа од делегатите кои со доставена писмена изјава согласно *член 38, став 5 од Деловникот за работа на Собранието*, доставена до Претседателот на Собранието, се изјасниле дека гласаат ЗА), 2 ВОЗДРЖАНИ и 2 ПРОТИВ и стана ДНЕВЕН РЕД со следните точки:

1. Разгледување и усвојување на **Предлог-записник** од **11-та седница на Собрание** на СКМ одржана на 27.10.2021 г.;
2. Разгледување и усвојување на **Предлог-финансиски извештај за 2021 г. и предлог-финансиски план за 2022 година;**
3. Разгледување и усвојување на **Предлог–правилник за избори (**предлагач ИО на СКМ);
4. Разрешување и именување на членови на тела на Комората;
5. Предлог-измени на Деловник за работа на Судот на честа на СКМ;
6. Разно.

По усвојувањето на дневниот ред се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Собрание на СКМ, одржана на ден 27.10.2021 г.**

Претседателот на Собранието напомена дека записникот е изготвен согласно член 48 од новиот Деловник за работа на Собранието.На забелешката на делегатите д-р Круме Чесноски и д-р Јован Гагалески за дополнување на Записникот со точно цитирани зборови на самата седница, претседателот укажа дека записникот од сега ќе биде изготвуван согласно новиот Деловник за работа на Собранието, а оние делегати кои се незадоволни имаат опција да гласаат против или воздржано. Предлог – записникот од 11-тата седница на Собранието на СКМ, одржана на ден 27.10.2021 година, беше усвоен без измени и дополнувања, со вкупно 36 гласа ЗА, 1 против и 3 воздржани (29 гласа ЗА од присутните и 7 гласа од делегатите кои со доставена писмена изјава согласно *член 38, став 5 од Деловникот за работа на Собранието*, доставена до Претседателот на Собранието, се изјасниле дека гласаат ЗА).

**2. Разгледување и усвојување на предлог-финансиски извештај за 2021 г. и предлог-финансиски план за 2022 година;**

По однос на оваа точка, известителот од Извршниот одбор го образложи финансиски извештај за 2021 г. и предлог-финансискиот план за 2022 година.

Се отвори дискусија, неколку делегати поставија прашања околу ставките наведени во финансискиот план и извештај, а на истите одговараше известителот од ИО.

Претседателот на Собранието го стави предлог-финансиски извештај за 2021 г. на гласање, по што истиот беше усвоен со 38 гласа ЗА (32 гласа ЗА од присутните и 6 гласа од делегатите кои со писмена изјава се изјасниле дека гласаат ЗА), 1 против и 4 воздржани.

Предлог-финансискиот план за 2022 година, исто така беше ставен на гласање, по што истиот беше усвоен со 39 гласа ЗА (33 гласа ЗА од присутните и 6 гласа од делегатите кои со писмена изјава се изјасниле дека гласаат ЗА) и 5 воздржани.

Формално-правно одлуки ќе изготви Стручната служба на Комората.

3. **Разгледување и усвојување на Предлог–правилник за избори (предлагач ИО на СКМ);**

По однос на оваа точка се отвори дискусија, а за збор се јави д-р Круме Чесноски кој истакна посебна забелешка на член 25 став 1 точка 4 кој гласи: ''Сериски број''. Тој предложи да се дополни со зборовите ''*само на кочанот*'', ставени во заграда.

Предлогот на д-р Чесноски беше едногласно усвоен од присутните делегати.

Член 25 став 1 точка 4, се менува и гласи: ''Сериски број (само на кочанот)''.

Предлог–правилникот за избори доставен од Извршниот одбор, со измената предложена од д-р Чесноски, е усвоен со 35 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ.

Формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

4. **Разрешување и именување на членови на тела на Комората.**

На предлог на Претседателот на Комората, се избираат и разрешуваат претседател и членови на **постојаните комисии на Стоматолошката комора на Македонија.**

**Се разрешува** претседателот на **Комисијата за стручен надзор, проф. д-р Ана Миновска,** поради исполнување услови за старосна пензија.

**Се разрешуваат** двајца членови на **Комисија за стручни стоматолошки прашања** и тоа:

- **проф. д-р Владо Ванковски и**
- **проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова.**

**Се избира** нов член на **<u>Комисијата за стручен надзор</u>** и тоа:

1) **Доц. д-р Гордана Апостолова.**

За **нов претседател** на Комисијата за стручен надзор, на местото на проф. д-р Ана Миновска, се избира членот на Комисијата, **проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска.**

**Се избираат двајца нови членови** на **Комисијата за стручни стоматолошки прашања** и тоа:

1) Доц. д-р Ана Белазелкоска Грежловска и
2) Проф. д-р Јулијана Николовска.

<u>Новиот состав</u> на **<u>Комисијата за стручен надзор</u>,** по спроведениот избор и разрешување, гласи:

1. **проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска – претседател;**
2. **Доц. д-р Гордана Апостолова – член;**
3. **проф. д-р Илијана Муратовска - член;**
4. **Доц. д-р Јетмире Алимани Јакупи - член;**
5. **Д-р Дејан Ристевски – член.**

<u>Новиот состав</u> на **<u>Комисијата за стручни стоматолошки прашања</u>,** по спроведениот избор и разрешување, гласи:

1. **Проф. д-р Линдихана Емини,**
2. **Проф. д-р Киро Папакоча,**
3. **Проф. д-р Александар Грчев,**
4. **Доц. д-р Ана Белазелкоска Грежловска,**
5. **Доц. д-р Амет Демири,**
6. **Проф. д-р Катерина Златановска и**
7. **Проф. д-р Јулијана Николовска.**

Избраните членови имаат мандат, права и обврски согласно одредбите од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

Предлогот на Претседателот за составот со 39 гласа ЗА (33 гласа ЗА од присутните и 6 гласа од делегатите кои со писмена изјава се изјасниле дека гласаат ЗА) и 5 воздржани. Формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

**5. Предлог-измени на Деловник за работа на Судот на честа на СКМ;**

Претседателот на Судот на честа на Комората, д-р Катерина Стаменковска достави предлог, заведен во Комората под арх. бр. бр.02-300/1, за дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на Комората бр. 02-1046/8 од 27.10.2021 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ претходно е усвоен од Извршниот одбор на Комората, а го образложи известителот од ИО.

Предлогот на д-р Стаменковска беше ставен на гласање и усвоен од делегатите на Собранието со **30 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ**. Правниот сектор на Комората и Адвокатското друштво Ристовска и Вујиќ-правен застапник на Комората треба да го уредат и начинот на извршување на паричните казни, кој ќе биде дел од пречистениот предлог-текст на Деловникот.

Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и Предлог-пречистениот текст на Деловникот, по изготвување треба да се достават до делегатите на Собранието, по електронски пат, за изјаснување согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието.

***online седница**

**Согласно донесената одлука на 12-тата седница на Собранието на СКМ одржана во х.Континентал,** изготвен е Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и Предлог-пречистен текст на Деловникот.

**Со оглед дека измени на Деловникот се усвојуваат со просто мнозинство,** Претседателот на Собранието, на ден 18.04.2022 година, до делегатите на Собранието испрати Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и Предлог-пречистен текст на Деловникот за работа на Судот на честа, **за потврдување со гласање, по пат на е-маил, користејќи ја можноста за изразување на мислење на делегатите по електронски пат (на е-маил) кое е предвидено со член 28 став 3 и 4 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ,** и тоа:

... *"Во случај на гласање на делегатите на Собранието по електронски пат (преку е-маил), делегатите на Собранието се должни да се изјаснат најдоцна во рок од три (3) дена од добиеното известување за вонредната седница по е-маил и мораат да ја користат опцијата „одговори на сите" (Reply all) за да бидат запознаени сите делегати на Собранието со нивниот глас.*

*За да се донесе одлука на овој начин, потребно е мнозинство од вкупниот број делегати. Гласовите на делегатите на Собранието кои не се изјасниле во наведениот период или не се изјасниле согласно став 3 од овој член, се смета дека гласале ЗА предлогот доставен во поканата.''*

**Во прилог на маилот до делегатите беа доставени горенаведените предлог-акти, со барање за изјаснување во рок од три дена од добиеното известување, со ЗА/ПРОТИВ/ВОЗДРЖАН.**

**На е-маил се изјасниле вкупно 45 делегати, од што се констатира дека** Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и Пречистениот текст на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ се усвојуваат со **36 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ.** Формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба на Комората.

6. **Разно.**

Претседателот на Собранието ги извести делегатите дека согласно исполнети услови, д-р Неделкова Дона повеќе не е член на Стоматолошката комора.

Неколку делегати се пријавија за збор и дискутираа на општи теми поврзани со работата на стоматолозите и секојдневните проблеми со кои се соочуваат во работењето,како на пример:

- Проширување на мрежата за специјалисти;
- Хиперпродукцијата на кадри;
- Евентуално продолжување на работниот стаж во ЈЗУ;
- Високите сметки за струја во здравствените домови;
- Изземањето од обврска за заштита на лични податоци;
- До каде се стигнати разговорите со Министерството за здравство и ФЗОРСМ итн.

- Претседателот на Комората ги извести делегатите дека Стоматолошката комора на Македонија, заедно со Лекарската и Фармацевтската комора имаат поднесено **писмено барање до Владата на РСМ и до Агенцијата за заштита на лични податоци** во кое остро реагираат за обврската за примена на Законот за заштита на лични податоци во приватните здравствени установи со мал број на вработени. Во Барањето ја информираат Владата и Агенција за заштита на лични податоци дека за приватните здравствените установи, кои најчесто се со мал број вработени (тим од доктор – сестра), постои неразбирливост и сложеност во начинот на спроведување на законските обврски кои што произлегуваат од Законот за заштита на лични податоци, а усогласувањето на web-страниците со одредбите од Законот за заштита на личните податоци и со правилата предвидени со Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци, а и со Законот за електронските комуникации, претставуваат зголемен ангажман на вработените во здравствените установи и дополнителни трошоци. Во интерес на сите доктори на стоматологија и вработените во нивните ординации, раководството на Комората се надева дека ќе наиде на разбирање од Владата и Агенцијата за заштита на лични податоци, а докторите ќе бидат **ослободени од дополнителните обемни обврски и трошоци во врска со примената на Законот за заштита на лични податоци.**

  - Составот на **советите на Судот на честа** остануваат во ист состав, затоа што на крајот од претходната 2021 година, со Одлука на Собранието бр.1046/9 од 27.10.2021 г. е дадена согласност за составот на истите во прв и втор степен и нивни заменици.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, Претседателот на Собранието ја затвори 12-тата седница на Собранието во 15:30 часот.

Записничар,
м-р Ана Ангелеска
-----------------

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Собрание,
д-р Оливер Манасиев
------------------------------------

М.П.

**Содржината на овие работни материјали е од интерен карактер за членовите на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и се однесуваат исклучиво на примателите.*